Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 09.01.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 12 | 178 | 1 | |

(Образец ПП ____)

До Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
(имател на информацијата)

| | |
|---|---|
| Во акта - број | 1202 |
| Ред на акта | 2 |
| ____ 20__ г. Скопје | Год. |

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 13/ 1.2.2006 год.), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Дали Трговското радиодифузно друштво РТВ Фокус Битола ДООЕЛ, ЕМБС ~~5261250~~ 5213091, во периодот од 01.01.2015 год. закључно со 31.12.2016 год., вршел емитување (непрекинато) на музички несценски дела, по пат на телевизија, што претставува информација од јавен карактер, согласно т. 1.3 од Листата на информации од јавен карактер
(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- (в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ____
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- (а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ____
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата: Здружение за заштита на авторски музички права ЗАМП од Скопје, ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 28, 02/3122-301, vaskovski@zamp.com.mk
(назив, име и презиме, адреса, тел, факс, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
Адвокат Панче Ефтимов од Скопје, ул. М. Тито 56/1, 02/3121-833, panik@t.mk
(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Скопје 20~~0~~18 година Скопје

АДВОКАТ
ПАНЧЕ ЕФТИМОВ
ул. Маршал Тито 56/1
тел.: 3121 833 Скопје

**ДО**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЛЕНИ**
**МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**ПРЕДМЕТ:** Пропратен поднесок кон барањето за пристап до информации од јавен карактер

Пред Основниот суд Битола, во тек е постапка, на тужителот - Здружение за заштита на авторски музички права ЗАМП Скопје, против тужениот - Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ, со ЕМБС 5219027, со ЕДБ 4003998133006, по повод изјавен приговор против Решение за издавање на решение за нотарски платен налог НПН бр. 249/2017 од 23.11.2017 год. на Нотар Билјана Дамјановска Јанчевска од Битола.

Тужениот - Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ, е корисник на авторски музички дела и како таков истиот е должен да ги почитува авторските права на авторите чии што дела ги користи.

Согласно одредбите од член 35, 129, 130, 131, 132, 133, 134, 135, 136, 137, 138, 139, од Законот за авторското право и сродните права **( Сл. весник на РМ бр. 115/10 и 51/11 )** корисникот на авторски музички несценски дела т.н. мали права, должен е на Организацијата за колективно управување - ЗАМП да и плати авторски надомест согласно актите на организацијата или врз основа на договор.

Од страна на тужителот до надлежниот нотар, поднесен е Предлог за издавање на решение за нотарски платен налог, врз основа на веродостојни исправи - фактури бр. 16-07-56 од 08.07.2016 год. и бр. 17-06-62 од 12.06.2017 год., за наплата на долг по основ на неплатен авторски надомест за период од 2015 год. и 2016 год.

На ден 23.11.2017 год., надлежниот нотар постапувајќи по предлогот на тужителот, донесе Решение за издавање на нотарски платен налог НПН бр. 249/17, против кое од страна на тужениот на ден 05.12.2017 год., изјавен е писмен приговор, со кој тужениот го оспори тужбеното барање како по основ, така и по висина, со образложение дека во спорниот период од 2015 год. и 2016 год., тужениот не вршел емитување на несценски музички дела, од причина што на сила била донесената забрана од страна на ЗАМП, за емитување на несценски музички дела.

Имајќи го во вид погоренаведеното, како меѓу странките е спорно дали со утужениот период од 2015 год. и 2016 год., од страна на тужениот е вршено емитување на регистрираниот програмски сервис по пат на телевизија, барам од насловниот орган, согласно т. 1.3 од Листата на информации од јавен карактер, да ми даде информации за емитуваните програмски сервиси од страна на тужениот - Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ, со ЕМБС 5219027, во спорниот период од 2015 год. и 2016 год., односно дали во спорниот период тужениот вршел емитување на регистрираниот програмски сервис или не, односно дали емитувал музика во спорниот период.

Ваша должност е да ми ги доставите бараните податоци/информации, а согласно одредбата од член 83 став 2 од Законот за парничната постапка, а во врска со член 3-а од Законот за адвокатура, со оглед на фактот дека бараните податоци се од редот на Листата на информации од јавен карактер - т. 1.3 од истата.

Однапред Благодарам,
Со Почит,
Скопје
09.01.2018 год.

за подносителот
АДВОКАТ
ПАНЧЕ ЕФТИМОВ
ул. Маршал Тито 56/1

**ПРИЛОГ:** Фактури, Предлог, Решение НПН бр. 249/17, Приговор, Покана за рочиште за главна расправа по предметот ПЛ1-ТС-210/17 на Основен суд Битола

АДВОКАТ
ПАНЧЕ ЕФТИМОВ
ул. Маршал Тито 56/1
тел.: 91 ... 233 - Скопје

# П О Л Н О М О Ш Н О

Јас, Зоран Васковски од Скопје, во својство на директор на Здружението за заштита на авторски музички права ЗАМП од Скопје, со ЕДБ 4030998346739, ги овластувам Панче Ефтимов адвокат од Скопје, Елена Младеновска адвокат од Скопје и Тања Томашевска адвокатски стручен соработник од Скопје, да го застапувааат Здружението за заштита на авторски музички права ЗАМП од Скопје, против______________________________________________________________________________________од ____________________по редметот_____________________________________што се води пред ________________________________________________да ги штитат правата и правните интереси на властодавателот, со сите права и должности по Законот во текот на постапката, се до правосилното окончување на истата, а по потреба да вложуваат вонредни правни лекови.

Во мое име и за моја сметка да поднесат Барање за пристап до информации од јавен карактер пред Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и да ме застапуваат во постапката се до нејзиното конечно расправање.

Сите трошоци по А.Т. ги признавам.

Скопје,
09.01.18 год.

**ВЛАСТОДАВАТЕЛ**
**ЗАМП**
**Директор**
**Васковски Зоран**

Здружение за заштита на авторски музички права „ЗАМП“ Скопје 1

ЗАМП
ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА
АВТОРСКИ МУЗИЧКИ ПРАВА
ул.М.Теодосиј Гологанов бр.28
тел.02/3122-301 моб. 078 225 406
Ж.С.300000000271636
Дан.Броj 4030998346739
Комерцијална Банка АД Скопје
e-mail: zamp@zamp.com.mk



ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО
ДРУШТВО РТВ ОРБИС БИТОЛА ДООЕЛ
РИЕКА 7 А

7000 БИТОЛА

Скопје, 08.07.2016

**Фактура 16-07-56**

* Врз основа на Законот за авторското право и сродните права (Сл.весник на РМ бр.115/10,140/10,51/11,147/13,154/15 и 27/16) и Правилникот за авторски музички дела(Сл.весник на РМ бр.154/11),за јавно соопштување на музички дела авторскиот надоместок изнесува:

*Корисник:* ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ОРБИС ДООЕЛ — б/191-1-ОП*ДДВ* 0%

| | | *Износ* |
|---|---|---|
| 41061 | Тар 25: Трг.радиодиф.др./Централен регистар/ 7.410.809,00*2.50% за 2015год.<br>Период на авт. дела: 01.01.2015 - 31.12.2015 | 185,270.00ден. |
| 41062 | Ставка: Трошоци за Централен регистар<br>Период на авт. дела: 01.01.2015 - 31.12.2015 | 70.00ден. |

***За плаќање: 185,340.00ден.**

*Рок на плаќање:* 16.07.2016

Согласно мислење од Министерство за финансии 08-2215/1;чл.23 точка 8 од Законот за ДДВ, ДДВ не се пресметува.

По изминување на рокот на плаќање пресметуваме __редовна камата.
Рекламации се примаат во рок од осум дена по приемот на фактурата.

Овластен потписник на фактура
Директор
Зоран Васковски

ЗАМП
ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА АВТОРСКИ МУЗИЧКИ ПРАВА
ул.М.Теодосиј Гологанов бр.28
тел.02/3122-301 моб. 078 225 406
Ж.С.300000000271636
Дан.Број 4030998346739
Комерцијална Банка АД Скопје
e-mail: zamp@zamp.com.mk



ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО
ДРУШТВО РТВ ОРБИС БИТОЛА ДООЕЛ
М АНДОНОВ ЧЕНТО ББ

7000 БИТОЛА

Скопје, 12.06.2017

**Фактура 17-06-62**

* Врз основа на Законот за авторското право и сродните права (Сл.весник на РМ бр.115/10,140/10,51/11,147/13,154/15 и 27/16) и Правилникот за авторски музички дела(Сл.весник на РМ бр.154/11),за јавно соопштување на музички дела авторскиот надоместок изнесува:

*Корисник:* ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ОРБИС ДООЕЛ дог/17 *ДДВ* 0%

| | | *Износ* |
|---|---|---|
| 46502 | Тар 25: Трг.радиодиф.др./Централен регистар/<br>7.505.585,00ден*2.50% за 2016год.<br>Период на авт. дела: 01.01.2016 - 31.12.2016 | 187,640.00ден. |
| 46503 | Ставка: Трошоци за Централен регистар<br>Период на авт. дела: 01.01.2016 - 31.12.2016 | 60.00ден. |

***За плаќање: 187,700.00ден.**

Со зборови: :тоосумдесетиседумилјадиседумстотини денари

*Рок на плаќање:* 20.06.2017

Согласно мислење од Министерство за финансии 08-2215/1;чл.23 точка 8 од Законот за ДДВ, ДДВ не се пресметува.

По изминување на рокот на плаќање пресметуваме __редовна камата.
Рекламации се примаат во рок од осум дена по приемот на фактурата.

Овластен потписник на фактура
Директор
Зоран Васковски

*АДВОКАТ*
***Ефтимов Панче***
*ул. М.Тито бр. 56/ 1*
*С к о п ј е*
*02 31 21 833*
*panik@t.mk*

**До**
**НОТАР БИЛЈАНА ДАМЈАНОВСКА ЈАНЧЕВСКА**
**од Битола**
**ул. Иван Милутиновиќ бр. 11, Битола**

**ДОВЕРИТЕЛ: Здружение за ЗАШТИТА НА АВТОРСКИ МУЗИЧКИ ПРАВА ЗАМП Скопје,** со седиште на ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 28 Скопје - Центар, со **ЕМБС 5201250, со ЕДБ 4030998346739,** сметка број **300000000271636** при Комерцијална Банка АД Скопје, со е - маил: *vaskovski@zamp.com.mk* , застапувано од овластено лице Григор Копров од Скопје, со стан на ул. Коце Металец бр. 1 - Г/2/2 Скопје, Гази Баба, со ЕМБГ 3009943450062, *преку полномошник Панче Ефтимов адвокат од Скопје, со седиште на ул. Маршал Тито бр. 56 - 1, тел. 02 31 21 833, со е - mail: panik@t.mk*

**ДОЛЖНИК: Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ,** со седиште на ул. Риека бр. 7 - а Битола, со **ЕМБС 5219027**, со **ЕДБ 4002998133006,** сметка број 300060000020209 при Комерцијална Банка АД Скопје, со е - маил: orbis@t-home.mk , застапувано од управителот Томислав Новаковиќ од Битола, со стан на ул. Риечка бр. 7- а Битола

**ОСНОВ:** долг по веродостојна исправа
**ВРЕДНОСТ:** 373.040,00 ден.

# ПРЕДЛОГ

ЗА ИЗДАВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ

Врз основа на веродостојни исправи Фактура бр. 16 - 07 - 56 од 08.07.2016 год. и Фактура бр. 17 - 06 - 62 од 12.06.2017 год., должникот е обврзан да му плати на доверителот достасано парично побарување во износ од **373.040,00 ден.**

**ДОКАЗИ:** - Фактура бр. 16 - 07 - 56 од 08.07.2016 год. и
- Фактура бр. 17 - 06 - 62 од 12.06.2017 год.

Бидејќи должникот во предвидениот рок, не ја исполни во целост доброволно својата парична обврска од веродостојните исправи, а предлогот е допуштен и основан, доверителот предлага нотарот да донесе

## РЕШЕНИЕ

**за нотарски платен налог**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** должникот **Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ,** во рок од 8 (осум) дена по приемот на Решението, на доверителот **Здружение за ЗАШТИТА НА АВТОРСКИ МУЗИЧКИ ПРАВА ЗАМП Скопје,** да му го намири побарувањето од веродостојните исправи во износ од:

- **185.340,00 ден.,** со казнена камата на овој износ во висина на референтната стапка на НБРМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за десет процентни поени

- **187.700,00 ден.,** со казнена камата на овој износ во висина на референтната стапка на НБРМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за десет процентни поени сметано од 21.06.2017 год. до конечна наплата.

**СЕ ДОЗВОЛУВА** присилно извршување спрема должникот **Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ,** во корист на доверителот **Здружение за ЗАШТИТА НА АВТОРСКИ МУЗИЧКИ ПРАВА ЗАМП Скопје** врз основа на приложените веродостојни исправи, доколку должникот не го плати долгот во дадениот рок.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** должникот да ги плати трошоците на доверителот во постапката за издавање на решение за нотарски платен налог во износ од **16.381,00 ден.** од кои: адвокатски трошоци во износ од **6.443,00 ден.** и трошоците на доверителот за судска такса за предлог и решение во износ од **1.865,00 ден.,** нотарска награда во износ од **7.561,00 ден.,** трошоци за тековна состојба во износ од **512,00 ден.** како и трошоците на Нотарот сторени во постапката по задолжување од Нотарот, во рок од 8 дена по приемот на Решението.

Во случај на приговор овој предлог да се смета како тужба, предметот да се достави до надлежниот суд и постапката да се спроведе согласно одредбите од ЗПП за постапување по приговор против нотарски платен налог.

Скопје,
10.11.2017 год.

за **ДОВЕРИТЕЛОТ**

АДВОКАТ
ПАНЧЕ ЕФТИМОВ
ул. Мари... 56/1
тел.: 31 2... Skopje

**ПРИЛОГ:**

- Докази
- Судска такса
- Полномошно
- Решение за ДДВ
- Тековни состојби за доверител и должник
- Електронски сертификат

**ТРОШКОВНИК:**

| | |
|---|---|
| - Состав на предлог | 5.460,00 ден. |
| - ДДВ 18 % на адвокатски трошоци | 983,00 ден. |
| - Судска такса | 1.865,00 ден. |
| - Нотарска награда | 7.561,00 ден. |
| - Трошоци за тековни состојби | 512,00 ден. |
| СЕВКУПНО | 16.381,00 ден. |

и Нотарски трошоци по задолжување на нотарот

НОТАР БИЛЈАНА ДАМЈАНОВСКА – ЈАНЧЕВСКА
Ул.„ФИЛИП ВТОРИ МАКЕДОНСКИ БР.11 Битола

Примени непосредно од Адв.Панче Ефтимов, по пошта (обично – препорачано) 23.11.2017 год. во 3 примероци со 1 прилози.

Писменото е стигнато по пошта отворено – со оштетена обвивка.

Предадено на пошта прпорачано на ден ________ година.

Писменото таксирано со 1865,00 денари – таксата – недостасува такси ... денари – писменото е примено без такси.

Примени и вратени (пари, таксени марки и сл. ср) ____________

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на Основниот ... НОТАР БИЛЈАНА ДАМЈАНОВСКА ЈАНЧЕВСКА БИТОЛА

Република Македонија
Нотар
Билјана Дамјановска
Јанчевска
ул.,,Филип Втори
Македонски,,бр.11
Битола

НПН.бр. 249/2017 од 23-11-2017

Нотарот Билјана Дамјановска Јанчевска именуван за подрачјето на Основниот суд во Битола, на ден 23-11-2017 година го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

## за издавање на нотарски платен налог

I. Се усвојува предложениот нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа.
II. Се задолжува должникот во рок од 8 дена од приемот на решението да ги намири пристигнатите побарувања на доверителот како и одмерените трошоци на постапката во вкупен износ од 16.374,00 денари, од кои: трошоците пред нотарот во износ од 250,00 денари и нотарската награда во износ од 7.561,00 денари, трошоците на адвокатот во износ од 256,00 денари и наградата на адвокатот во износ од 6.442,00 денари и судските такси во износ од 1.865,00 денари.
III. Против ова решение и против одлуката за трошоците должникот има право да поднесе приговор, во рок од 8 (осум) дена од приемот на решението, преку овој нотар до Основниот суд во Битола.
IV. Доколку должникот не поднесе приговор или не го плати долгот во определениот рок, ќе следи присилно извршување.

Нотар
Билјана Дамјановска Јанчевска

Напомена: Доколку должникот вложи приговор должен е заедно со приговорот да достави доказ во оригинал (уплатница) за платена судска такса за приговор во согласност со ЗСТ на сметка 100000000063095, примач Буџет на РМ, банка на примач НБРМ, уплатна сметка 840-(општина)-03359, приходна шифра 722213 (за физички лица) или уплатна сметка 840-(општина)-03338, приходна шифра 722211 (за правни лица), во спротивно нотарот ќе преземе дејствија за присилна наплата преку УЈП согласно законските прописи.

2017-25960


АДВОКАТ

М-р Емил Паришко

Ул„Булевар Први Мај„бр.15 тел:047 552-454 , моб 075 284 643 email emilparisko@hotmail.com

Ж-ска 370051100265933 Еуростандард Банка ембс 6652387 едб 5002010502390


**Врска:НПН бр.249/2017**

До
Билјана Дамјановска Јанчевска
Битола

**Доверител:**Здружение за заштита на авторски музички права ЗАМП Скопје ул,,Митрополит Т.Гологанов,,бр.28 Скопје ембс 5201250 едб 4030998346739 email:vaskovski@zamp.com.mk
**Должник:** РТВ ОРБИС Битола ул,,Риека,,бр.7-А ембс 5219027 едб 4003998133006 преку полномошник адв.М-р Емил Паришко од Битола сандаче за ел.достава:emilparisko@hotmail.com корисничко име:Emil Parishko
**Вредност:373.040,оо денари**

**ПРИГОВОР**
**од должникот против Решението НПН 249/2017**
**на Нотар Билјана Дамјановска Јанчевска**

Долникот РТВ ОРБИС Битола го прими Решението за издавање на Нотарски платен налог и во благовремен рок поднесува приговор со кој го оспорува побарувањето на доверителот како по основ така и по висина од следните причини:

Најпрво поднесениот предлог за издавање на Нотарски платен налое е неуреден и барам од судот да го отфрли од причина што во самиот Предлог не се наведени податоци за електронско сандаче а согласно член 98 т.4 од ЗПП цитирам„Поднесоците поднесени од адвокати, државен орган односно орган на државна управа, единици на локална самоуправа, правни лица и лица кои вршат јавни овластувања покрај податоците од ставот (3) на овој член треба да содржат и податоци за електронско сандаче за достава на писмената регистрирано согласно со закон.„

Доколку судот не го отфрли поднесениот Предлог за издавање на Нотарски платен налог,го оспорувам издаденото Решение и по основ и по висина од следните причини:

Побарувањето на доверителот е во целост неосновано од причина што помеѓу странките во овој предмет воопшто не е заоснован и не постои никаков должничко-

доверителски однос,воопшто не е склучен договор или било каков друг писмен документ од кој би произлегла била каква обврска на должникот да ги плати паричните средства кои ги побарува доверителот.

Доверителот со доставените фактури побарува паричен надоместок за 2015 и 2016 година ,мегутоа од негова страна беше донесена за забрана за емитување на секакви музички дела што значи дека заовој период сега доверителот не ни има правода го побарува овој износ.

Исто така побарувањето е неосновано во целост од причина што софтверот кој што беше инсталиран од доверителот воопшто не работи и не функционира за што во повеќе наврати беше наведувано и ургирано од страна на должникот.

Сосема е нејасно КАКО И ВРЗ ОСНОВА НА ШТО сега доверителот го побарува износот од 373.040 од должникот.

Поради тоа му предлагам на судот да го усвои приговорот во целост,да го укине во целост Решението за издавање на Нотарски платен налог НПН 249/17 од 23.11.2017 година донесено од Нотар Билјана Дамјановска Јанчевска од Битола и во редовна парнична постапка побарувањето на доверителот да биде одбиено во целост како неосновано .

**Трошковник:**

1.Состав на полномошно со 30 % паушал и 18 % ДДВ............1.534,оо ден
2.Состав на Приговор со 30 % паушал и 18 % ДДВ.................9.204,оо ден
3.Такса за Приговор...............................................................932,оо ден

Битола,04.12.2017

адв.М-р Емил Паришко

**НОТАР БИЛЈАНА ДАМЈАНОВСКА ЈАНЧЕВСКА**
**ФИЛИП ВТОРИ МАКЕДОНСКИ БР.11 Битола**

Примени непосредно од АДВЕмил Паришко на рака, по пошта (обично препорачано) 05.12.2017 год. во 4 примероци со 10 прилози.
Писменото е стигнато по пошта отворено – со оштетена обвивка.
Предадено на пошта прпорачано на ден ____________ година.
Писменото таксирано со 120,00 денари – <u>таксата</u> – недостасува такси – денари – писменото е примено без такси.
Примени и вратени (пари, таксени марки и сл. ср)

**Република Мекедонија**
**ОСНОВЕН СУД БИТОЛА**
**03.01.2018**

07.01.12

**ПЛ1-ТС-210/17**

## Покана за рочиште за главна расправа

**Адвокат Панче Ефтимов од Скопје - Центар, Маршал Тито 56/1** се повикува како **полномошник** во правната работа на тужителот ЗАМП Скопје застапуван од _________, против туженииот ТРД „РТВ ОРБИС“ Битола ДООЕЛ застапуван од __________, основ Долг, вредност 373.040.00, да дојде на рочиште на **15.02.2018** година, во **10:00** часот, во соба бр.**33,** во Основен суд - Битола.

**СЕ НАЛОЖУВА НА СТРАНКАТА** да ги доставите сите исправи и предмети кои служат како доказ или треба да се разгледуваат од судот, како и да ги изнесе сите факти врз кои ги заснова своите наредби.

**Овластен службеник**

___________________________

Правна Поука:
Странките се должни на рочиштето да ги достават сите писмени и усни докази врз кои ги засноваат своите барања, тврдења, и наводи (чл. 205 ст.1 од ЗПП).
Странката која е уредно поканета на рочиште или е известена за преземање на процесното дејствие, а не се јави на истото, судот нема повторно да ја повикува.( чл. 126 од ЗПП).
Странките и другите учесници во постапката поднесоците ги доставуваат на македонски јазик и на неговото кирилско писмо, а странките чиј јазик е службен јазик различен од македонскиот и од кирилското писмо, поднесоците можат да ги поднесуваат на нивниот јазик и писмо (чл.9 од ЗПП). Ако на првото рочиште за главна расправа или на некое подоцнежно рочиште, не дојде тужителот кој е уредно поканет, а изостанокот не го оправда, тужбата ке се смета за повлечена (чл.280 ст.1 од ЗПП), а ако не дојде тужениот изостанокот не го оправда и нема услови за донесување на пресуда поради изостанок, расправата може да се одржи (чл.280 ст. 2 од ЗПП).
Кога тужениот во одговорот на тужбата не го оспори тужбеното барање, или нема да дојде на подготвителното рочиште, или на првото рочиште за главна расправа-ако подготвителното рочиште не е одржано, или ако дојде на овие рочишта, а не се впушти во расправање или се отстрани од рочиштето, ке се донесе пресуда со која се усвојува тужбеното барање- пресуда поради изостанок - ако се исполнети условите од чл.320 ст.1 точка од 1 до 6 од ЗПП;
Во споровите од мала вредност не се одржува подготвително рочиште. Тужбата ке се смета за повлечена доколку тужителот не дојде на кое било рочиште за главна расправа, странките се должни сите факти и докази да ги изнесат на првото рочиште за главна расправа, а одлуката може да се побива само поради сторена суштествена повреда на парнична постапка и поради погрешна примена на материјалното право од чл.438 ст.1 од ЗПП(чл.436 ст.2 од ЗПП).

**НАПОМЕНА: СПОРОТ МОЖЕ ДА ГО РЕШИТЕ СО МЕДИЈАЦИЈА.**

---

**ОСНОВЕН СУД БИТОЛА**

**ПЛ1-ТС-210/17**
Ев.**03.01.2018**

Снежана Дојчиновска

## ДОСТАВНИЦА

Адресант:
**Адвокат**
Панче Ефтимов
Маршал Тито 56/1
Скопје - Центар

Се доставува:**Приговор и**
Покана за **15.02.2018** година, во **10:00** часот, во судница бр.**33.**

Потврдувам дека го примив горе споменатиот акт денеска на (со букви)
______________________________
______________________________

____________________20___ година.
Примил
______________________________

Предавањето го извршил
______________________________

на ____________20____год.